ДЗР-Q-930-101/Изм.01

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

## ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, декември 2019 година

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| CAAT's | Компјутерски потпомогнати ревизорски техники |
| ISSAI | Меѓународни стандарди на Врховни ревизорски институции |
| ВРИ | Врховни ревизорски институции |
| ГДР | Главен државен ревизор |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ЕСР | Европски суд на ревизори |
| ЕУ | Европска Унија |
| EUROSAI | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| ЗДР | Закон за државната ревизија |
| IDI | Иницијатива за развој во рамки на INTOSAI (непрофитна организација која има за цел зајакнување на институционалните капацитети на ВРИ во земјите во развој во рамки на регионалните работни групи на INTOSAI) |
| INTOSAI | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции |
| ИПА | Инструменти за претпристапна помош (Pre-accession assistance) |
| ISACA | Меѓународна организација за ИТ ревизија |
| ИТ | Информатичка технологија |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| ПГДР | Помошник на главниот државен ревизор |
| РГ | Работна група |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| SIGMA | Поддршка во подобрување на управувањето и раководењето (здружена иницијатива на ОЕЦД и ЕУ) |

Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18), член 3 од Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/11) и член 34 од Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија, бр.01-493/1 од 22.06.2015 година, главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година

## 1. Цели и задачи за работа на Државниот завод за ревизија во 2020 година

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија (ДЗР) за 2020 година ќе се остварува согласно постојната законска рамка утврдена со Законот за државната ревизија (ЗДР).

Во текот на 2020 година ќе се интензивираат активностите на обезбедување потребни услови за реализација на стратешките цели на државната ревизија во Република Северна Македонија со што ќе се оствари:

- обезбедување независност на државната ревизија како уставна категорија, во согласност со принципите на Декларацијата од Мексико;
- достигнување оптимален број на вработени и усогласување на организационата поставеност и вкупниот број на извршители со надлежностите и стратешките цели на ДЗР;
- унапредување на етиката и интегритетот;
- натамошно подигање на нивото на квалитет на извршување на ревизиите во согласност со ревизорските стандарди и методолошка пракса на државната ревизија;
- ажурирање на методолошките акти за ревизија, како и подготовка на Насоки за ревизија на Буџетот на РСМ;
- понатамошна имплементација на електронски систем за управување со ревизијата -Audit Management System – AMS;
- ќе продолжи праксата за осигурување на квалитетот на ревизиите, преку избор на ревизии кои ќе бидат предмет на проверка, со цел да се подобри квалитетот на работењето;

- превземање на активности за спроведување на препораките утврдени во завршните извештаи на Твининг Проектот „Понатамошно подобрување на административните капацитети и ефикасноста на надворешната ревизија на Државниот завод за ревизија", што беше реализиран во соработка со твининг партнерите врховните ревизорски институции на имплементатори на проектните активности, а кои се однесува на:
    - оценка на методолошки акти на ДЗР и препораки за нивно подобрување во насока на усогласеност со ISSAI стандардите и примена на добрите пракси на земји членки на ЕУ;
    - подобрување на процесот на стратешкото планирање на ревизијата во согласност со приоритетите на Државниот завод за ревизијата и расположливите ресурси;
    - подобрување на процесите на ревизија на регуларност и ревизија на успешност;
    - подобрување на капацитетите за ревизија на политичките партии;
    - подобрување на институционалните и човечките капацитети на ДЗР, со цел одржување на висок квалитет на ревизиите;
    - подобрување на капацитетите за откривање на нерегуларности и корупција во јавниот сектор;
    - оценка и подобрување на постапките за контрола и осигурување на квалитетот на ревизиите во ДЗР;
    - унапредување на соработката со Собранието на Република Северна Македонија, со цел воспоставување на механизам и зајакнување на капацитетите на Собранието за редовно разгледување и дискусија на ревизорските извештаи;
    - унапредување на ИТ системот на ДЗР и капацитетите за спроведување на ИТ ревизии;
    - понатамошно унапредување на принципите на јавност и транспарентност во работата на ДЗР и подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни субјекти;
- интензивирање на соработката со Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и други надлежни органи и институции;
- обезбедување опфат со државната ревизија според соодветна структура на субјекти и јавна потрошувачка, со што би се обезбедиле потребни податоци и информации за изградба на објективна оценка за степенот на остварувањето на наменското и законското трошење на јавните средства;

- натамошно зајакнување и проширување на капацитетите за вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти, во функција на остварување на целите на ревизијата, отчетноста и доброто управување односно испитување на резултатите, економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор;
- континуирана едукација на човечките ресурси;
- обезбедување на неопходни финансиски средства за целосно и квалитетно извршување на Програмата, спроведување објективен систем за оцена на извршувањето на работните задачи, согласно Колективниот договор на ниво на работодавач;
- создавање на услови и натамошно опремување со информатичка и друга опрема, со цел обезбедување примена на АМС софтверот за вршење на ревизија;
- следење на современи методолошки пристапи и пракса при вршење на државна ревизија согласно INTOSAI, EUROSAI, ЕУ и други меѓународни пракси и стандарди и упатства за вршење државна ревизија;
- продолжување на воспоставената соработката со ВРИ, Европскиот суд за ревизија, комитетите и работните групи на INTOSAI, EUROSAI и други меѓународни организации и професионални тела и нејзино проширување во функција на остварување на стратешките цели на ДЗР.

## 2. Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија

Изборот на субјектите/проектите/темите за Програмата е извршен согласно член 22 и 23 став 1 од Законот за државната ревизија и Упатството за предлагање на ревизии за Годишната програма за работа на ДЗР.

Согласно пропишаните критериуми во Упатството за предлагање на ревизии, ДЗР во 2020 година планира да изврши вкупно 47 /четириесет и седум/ ревизии, кои се прикажани во Прегледот на планирани ревизии, кој е составен дел на Програмата за работа на ДЗР за 2020 година (Прилог 1).

## 3. Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Програмата за работа

Програмата за работа на ДЗР за 2020 година ќе се реализира со вкупно 90 вработени овластени државни ревизори и државни ревизори и вработени за административна поддршка. Согласно Правилникот за организација и работа, вработените се распоредени во 7 /седум/ сектори и 2 /две/ одделенија, од кои 3/три/ сектори се директно вклучени во процесот на ревизија (сектори за ревизија) и покриваат различни области и субјекти од јавниот сектор, 1 /еден/ Сектор за ревизија на информационите системи, 1/еден/ Сектор за унапредување на ревизијата и следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди, 2/два/ сектори за административна поддршка ( Сектор

за правни и општи работи, јавни набавки и односи со јавноста и Сектор за финансиски прашања) и 2/две/ самостојни одделенија за внатрешна ревизија и одделение за управување со човечки ресурси.

**4. Финансирање на ДЗР**

Со Буџетот на РСМ за 2020 година планирани се расходи во износ од 107.700 илјади денари (односно реален буџет во износ од 102.250 илјади денари), наменети за финансирање на активностите содржани во Годишната програма за работа на ДЗР за 2020 година. Овие расходи се планирани во целост како расходи на основниот буџет од кои 101.700 илјади денари на сметката на основен буџет (637) и 6.000 илјади денари на сметката на основен буџет (631) од кои реално на располагање се 550.363 денари поради несоодветно извршена присилна наплата.

Средствата за реализација на оваа годишната програма на сметката на основен буџет (637) се распределени во следните категории на расходи:

**илјади денари**

| Опис | Расходи на основен буџет |
|---|---|
| Плати и надоместоци | 83.000 |
| Стоки и услуги | 16.900 |
| Субвенции и трансфери | 200 |
| Капитални расходи | 1.600 |
| **Вкупно** | **101.700** |

Во структурата на расходите најголемо учество имаат расходите за плати и надоместоци на вработените со 81,61%, по што следуваат расходите за стоки и услуги со учество од 16,62%, капиталните расходи со 1,57% и расходите за субвенции и трансфери со 0,20 %.

**5. Едукација на вработените**

Согласно стратешките определби на ДЗР во 2020 година продолжува спроведувањето на обуки за надградување на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата и воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.

Обуките на вработените во ДЗР ќе се извршат согласно Годишниот план за континуирано професионално усовршување и обуки на ДЗР за 2020 година.

Во текот на 2020 година ќе се реализираат и обуки преку учество на курсеви, семинари и работилници организирани од работни групи/комитети на INTOSAI/EUROSAI, Европскиот суд за ревизија, SIGMA и други меѓународни професионални организации и асоцијации.

**6. Методолошки прашања и стратешки документи**

Ревизорските стандарди обезбедуваат упатства за ревизорите за одредување на ревизорските чекори и постапки кои треба да се применат во ревизиите и се состојат од критериуми во однос на кои се оценува квалитетот на резултатите од ревизиите. Прирачниците и упатствата ги водат ревизорите кон остварување на квалитетот на ревизиите согласно ревизорските стандарди.

Во приодот декември 2017 година – септември 2019 година, Државниот завод за ревизија реализираше Твининг Проект „Понатамошно подобрување на административните капацитети и ефикасноста на надворешната ревизија на Државниот завод за ревизија", финансиран со средствата од ИПА фондовите на ЕУ. Во рамки на Твининг проектот беше изготвен Извештај за проценка за подобрување на процесот на ревизија според Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI), кој се состои од анализа на пристапот и методологијата за ревизија на ДЗР кои се применуваат во праксата и го опфаќаат целиот процес на ревизија (планирање на ревизијата, спроведување, известување и следење на препораките) во споредба со најдобрите практики на ВРИ на земјите членки на ЕУ.

Согласно препораките содржани во Извештајот за проценка за подобрување на процесот на ревизија според Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI), во 2020 година ќе се предложат **измени и дополнувања на Законот за државната ревизија, а ќе се изготват и подобрувања на Прирачникот за ревизија на регуларност.**

Во рамки на Твининг Проектот се изготви и Извештај за стратешко планирање на државната ревизија, кој има за цел да даде проценка на процесот на стратешко планирање во ДЗР и да даде препораки и предлози во однос на неговиот развој. Согласно препораките содржани во Извештајот за стратешко планирање на државната ревизија, во 2020 година ќе се изготват измени и дополнувања или нови акти, кои се однесуваат на:

- Измени и дополнувања на Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија;
- Изготвување на методолошко упатство за стратешко и годишно планирање на ревизиите;
- Измени на мисијата на ДЗР; и
- Изготвување на Стратешки план за ревизии за периодот 2021 – 2023 година.

Во 2020 година ќе биде донесена нова Стратегијата за развој 2020 – 2023, како и усогласување на ИТ Стратегијата за истиот период, изготвени врз основа на извршена анализа за степенот на реализација на целите утврдени во претходните стратешки документи. Исто така, ќе се изврши ажурирање на Стратегијата за управување на ризиците на ДЗР за период од четири години.

Во 2020 година, врз основа на Извештајот со препораки за подобрување на институционалните и човечките капацитети на ДЗР, изготвен во рамки на Твининг Проектот „Понатамошно подобрување на административните капацитети и ефикасноста на надворешната ревизија на Државниот завод за ревизија", **ќе се изготви Стратегија за управување со човечките ресурси на ДЗР и акциски план за нејзино имплементирање, за наредниот петгодишен период.** Исто така, ќе биде донесена и **Комуникациска стратегија на Државниот завод за ревизија** за период од четири години, која е изготвена во рамките на проектот на ДЗР "Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација на препораките од ДЗР" потпомогнат од Владата на Обединетото Кралство.

Согласно препораката од активностите на Твининг проектот за подобрување на контролата и осигурувањето на квалитетот на ревизиите, која се однесува на потребата за детално регулирање на работата на Стручното тело за оцена и утврдување компактност на ревизорските извештаи пред доставување на законски утврдените субјекти, во 2020 година ќе биде изготвен **интерен акт за начинот на работење на Стручното тело.**

Со цел унапредување на соработката со Собранието на Република Северна Македонија, во рамки на Твининг Проектот „Понатамошно подобрување на административните капацитети и ефикасноста на надворешната ревизија на Државниот завод за ревизија" извршена е анализа на постојната правна и институционална рамка за соработка помеѓу Собранието и ДЗР, во однос на добрите практики на земјите членки на ЕУ, врз основа на што ќе се преземат активности за имплементирање на препораките за нивно подобрување и воспоставување на формален механизам за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието. Во таа насока, како и согласно препораките дадени во извештаите изготвени рамки на Твининг проектот, во 2020 година ќе се прават подготовки за одобрување и имплементација на наредниот Твининг проект кој ќе биде финансиран од IPA 2018 фондовите на ЕУ.

Во 2019 година ДЗР оствари соработка со OECD-SIGMA во областа на ревизијата на буџетот на државата, која резултираше со поддршка од експерти на земји членки на ЕУ и OECD-SIGMA за унапредување на ревизијата на Буџетот на Република Северна Македонија. Како резултат на овие активности, во 2020 година ќе биде изготвено **методолошко упатство за ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија**, по што ќе следува спроведување на пилот ревизија согласно изготвеното методолошко упатство.

Во насока на понатамошно усогласување, ќе продолжи преведувањето на Меѓународните стандарди на ВРИ (ISSAI), методолошки упатства и друга стручна литература од обласга на ревизијата, издадени од комитети и работни групи на INTOSAI и EUROSAI на македонски јазик, со цел нивно усогласување и имплементација во ревизорската пракса.

## 7. Информатичка технологија и информациски систем на ДЗР и ИТ ревизија

Планирани активности за 2020 година:

- Зголемување на целосната ефикасност на информацискиот систем на ДЗР согласно стратешките цели за употреба на информатичката технологија во државната ревизија,
- Поддршка во администрирање и унапредување на Системот за управување со ревизијата (Audit Management System (AMS)),
- Поддршка во администрирање на Софтверот за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наодите и препораките,
- Имплементација на ИТ политиките и процедурите, процедурите за користење на Системот за управување со ревизијата (AMS) и ISO 9001 стандардите,
- Соработка со останатите државни институции во делот на размена на податоци за потребите на ревизијата,
- Поддршка на ревизијата во делот на преземање и обработка на базите на податоци на субјектите предмет на ревизија (употреба на компјутерски потпомогнати ревизорски техники - CAATs, и примена на IDEA софтвер, во анализата на податоците, избор на примерок и негово документирање),
- Ревизија на информациски системи од кои се процесираат податоци и информации за изготвување на финансиските извештаи кај субјектите предмет на ревизија во 2020 година, како составен дел на ревизијата на регуларност,
- Континуирано следење на активностите и соработка со ИТ работната група на EUROSAI и другите меѓународни организации за ИТ ревизија.
- Анализа на состојбите со употребата на информатичката технологија во ревизијата и процесите во Државниот завод за ревизија,
- Утврдување на стратешките цели за употреба на информатичката технологија во државната ревизија.

## 8. Меѓународна соработка

Стратешка определба на Државниот завод за ревизија во 2020 година ќе биде натамошно унапредување на меѓународната соработка која има за цел размена,

идентификување и промовирање на добрите ревизорски практики на ВРИ во однос на методологијата и искуствата за формите, содржините, периодиката и начинот на објавување на резултатите од ревизиите и следење на ефектите од извршените ревизии, како и утврдените појави на измама и корупција, обезбедување квалитет на ревизиите, развојот на капацитетите за обука, видот на соработка со ВРИ, транспарентноста и информирањето на јавноста и соработката со медиумите.

Практичната реализација на овие цели ќе се одвива преку активна соработка со работните групи на ЕУРОСАИ, ИНТОСАИ, Европскиот суд на ревизори (ЕСР), мрежата на претседателите, СИГМА и други меѓународни организации и институции. Како и досега соработката ќе се одвива преку најразлични форми: работа во работните групи во кои ДЗР членува, учество на семинари, работилници, паралелни ревизии, е-обуки, давање придонес кон истражувањата по прашања од државната ревизија на меѓународно ниво, оценувачки мисии, работни посети, учества на конгреси, конференции и стажирање во ЕСР и друго. Билатералните контакти и соработката со националните врховни ревизорски институции од Европа и пошироко во овој период ќе добијат поголемо значење и место во агендата на ДЗР.

Во 2020 година ДЗР ќе продолжи со активен придонес во работата и реализацијата на активностите на работните групи на ЕУРОСАИ/ИНТОСАИ за ревизија на програмите од областа на животната средина и ревизија на ИТ во кои членува од 2002, односно 2005 година. Покрај учеството на редовните годишни состаноци и семинари, ДЗР ќе биде вклучен и во подготовка на релевантни документи, прашалници и други истражувачки активности, усвоени со работните планови на овие работни групи кои имаат за цел креирање на широка база на податоци и нивно приближување до заинтересираните ВРИ.

Во 2017 година Државниот завод за ревизија се вклучи во работата на новоформираната специјална работна група на ЕУРОСАИ за ревизија на општините, чии активности ќе продолжат во насока на реализација на активностите утврдени со акцискиот план за 2020 година.

Меѓународната активност на ДЗР ќе продолжи и во рамките на специјалната работна група за ревизија и етика на ЕУРОСАИ во која членува од 2012 година. По усвојувањето на стратегиски план на ЕУРОСАИ на конгресот во Истанбул во 2017 година, во кој што беа дефинирани нови форми и содржини на соработка на нејзините членки, ДЗР се вклучи и во активностите на проектната група за улогата на ВРИ во ширењето на културата на интегритет со која раководи ВРИ на Унгарија. Ангажманот на ДЗР во активностите од областа на интегритетот се насочени кон имплементација на ISSAI стандардите во ДЗР и пошироко, споделување на искуствата и унапредување на етиката и интегритетот кај ВРИ и институциите од јавниот сектор. Активностите во работната група на ИНТОСАИ за јавен долг, каде што ДЗР пристапи на крајот од 2017 година ќе бидат насочени кон размена на искуства меѓу ВРИ по однос на известувањето и здравото управување со јавниот долг согласно ISSAI стандардите.

Врховните ревизорски институции од земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ ќе продолжат со активностите за јакнење на нивните капацитети преку соработката со Европскиот суд на ревизори и ВРИ од земјите членки на ЕУ во рамките на мрежата на претседателите, односно ВРИ од земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ што ја сочинуваат: ВРИ на Турција, Северна Македонија, Црна Гора, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, ЕСР и Косово* (во својство на набљудувач). Фокусот на активностите во 2020 година ќе биде на реализација на активностите од Рамковниот план на активностите на мрежата (2018-2020+) што беше усвоен на последниот одржан состанок на претседателите на мрежата во Луксембург, октомври 2017 година. Активностите во рамките на мрежата се со цел да помогнат полесно интегрирање на земјите кои се на патот за прием во европското семејство и истите се одвиваат во координација на офицерите за врски на ВРИ и со поддршка на Работната група на КК (Контакт комитет) за заеднички ревизорски активности, потоа ВРИ членки на ЕУ и СИГМА. Активностите на мрежата во 2020 година ќе бидат сосредоточени на соработката со парламентите за подобрување на ревизорското влијание, пишување на ефективни ревизорски извештаи и соработка со граѓанското општество за зголемување на влијанието на ВРИ. Во рамките на мрежата, во 2020 година со реализација треба да започне серијата работилници за унапредување на ревизијата на усогласеност, иницирана од ВРИ на Србија и со поддршка на ВРИ на Шведска и други членки на ЕУ.

Поаѓајќи од позитивните искуства од минатите години, ДЗР во 2020 година ќе учествува во две паралелни/кооперативни ревизии на ЕУРОСАИ со други ВРИ, чии подготовки се во тек. Во координација на ВРИ на Финска и ВРИ на Израел, ќе се одвива паралелната ревизија на тема " Работната сила 2030 - дали е вашата земја подготвена" и кооперативната ревизија на тема "Пластичен отпад" под раководство на ВРИ на Полска.

Учеството на состаноците на Контакт комитетот што го сочинуваат ВРИ од Европската Унија, како редовна пракса му овозможува на ДЗР континуирано следење на најновите случувања во областа на владеењето/управувањето со јавните финансии во ЕУ, влијанието на новата регулатива на ЕУ врз работењето на ЕСР и националните ВРИ, како и искуствата во областа на ревизорската пракса (методите, пристапот, изборот на подрачјата - предмет на ревизија, комуникацијата со засегнатите страни) кои се насочени кон подобрување на одговорноста и отчетноста во трошењето на средствата доделени од европските фондови.

На билатерален план, ДЗР ќе реализира работни посети на највисоко ниво со повеќе ВРИ членки на ЕУРОСАИ со цел размена на искуствата по актуелни прашања од областа на ревизијата и функционирањето на врховните ревизорски институции.

Во однос на програмите за 2020 година за организирање обуки и други стручни настани од страна на ЕУРОСАИ, ИНТОСАИ, ЕСР и мрежата на претседатели,

определен број на ревизори и претставници на ДЗР ќе учествуваат на истите во согласност со потребите и можностите на институцијата.

Државниот завод за ревизија ќе продолжи и со придонесот кон подготовките на националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и на преговарачките позиции на Република Северна Македонија за преговори за членство во ЕУ. ДЗР исто така ќе учествува во ажурирањето на програмата за 2020-2022, како и во процесот на известување за статусот на активностите од акцискиот план преку активностите на работните групи за подрачјата: 23-антикорупциска политика и 32-финансиска контрола. Учеството на ДЗР во придонесот на РМ кон годишниот извештај на ЕК, ќе биде еден од приоритетите во 2020 година.

По донесување на Комуникациска стратегија на Државниот завод за ревизија, ќе се реализираат активностите за нејзина имплементација кои се фокусираат на комуникациите на ДЗР со медиумите и новинарите. Комуникациската стратегија е резултат на активностите кои беа реализирани во претходните години со поддршка на фондацијата Westminster Foundation for Democracy (WFD), во рамките на проектот на ДЗР "Зголемување на отчетноста и транспарентноста во Македонија преку подобрена имплементација на препораките од ДЗР" потпомогнат од Владата на Обединетото Кралство и на твининг проектот од програмата IPA 2013, насочени кон понатамошно зајакнување на капацитети и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење надворешна ревизија, реализиран со врховните ревизорски институции имплементатори на проектните активности.

## 9.Анализи и извештаи

За да се обезбедат континуирани, независни, објективни, релевантни и транспарентни информации во кои ќе имаат доверба јавноста и релевантните институции, Државниот завод за ревизија ќе посвети должно внимание на обработката и анализата на информациите произлезени од Конечните ревизорски извештаи.

Овие податоци на редовна основа ќе се обработуваат во САПРИ софтверот кој е интегриран, автономен и функционален систем за обработка и анализа на податоците од конечните ревизорски извештаи. На овој начин ќе се обезбедуваат сигурни, ажурни, навремени и релевантни информации за потребите на Државниот завод за ревизија, Собранието на Република Северна Македонија, други засегнати страни и јавноста.

Во текот на 2020 година Државниот завод за ревизија ќе продолжи со следните активности:

- во континуитет ќе ја следи реализацијата на Годишната програма и Акциониот план за нејзино извршување;

- во континуитет ќе се врши обработка и внос на податоците од конечните ревизорски извештаи како и другите пропратни документи кои произлегуваат од спроведените ревизии во САПРИ софтверот;
- во континуитет ќе се обработуваат и евидентираат добиените повратни информации од Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и други надлежни органи и институции, за фазата на постапување по конечните ревизорски извештаи доставени до нив;
- во континуитет ќе се обработуваат и евидентираат повратните информации добиени од ревидираните субјекти за фазата на постапување по дадените препораки во Конечните ревизорски извештаи (ИЗПМ образец), како и податоците кои ќе произлезат од Извештаите по спроведените follow up проверки на почетокот на годината за постапување на ревидираните субјекти по дадените препораки;
- преку добиените излезни извештаи ќе се прават дополнителни анализи за утврдување на состојбите и трендовите кај наодите, препораките, изразените мислења, ревидираните јавни приходи и расходи, системските слабости, статусот на дадените препораки, повратните информации и сл.;
- ќе се прават посебни анализи и ќе се подготвуваат извештаи за цели на годишното известување, годишното планирање, за одредени потреби на Државниот завод за ревизија, јавноста или други институции и засегнати страни.

На овој начин ќе се овозможи континуирано следење на реализацијата на Годишната програма и Акциониот план за работа на Државниот завод за ревизија во целост, како и на секоја одделна ревизија согласно фазата на извршување во која се наоѓа истата.

## 10. Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства

Државниот завод за ревизија и во 2020 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани неправилности, колизии, неусогласености на законските прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност , ќе даде свој придонес во исполнување на дел од надлежностите на Собранието на РСМ.

Државниот завод за ревизија ќе продолжи да работи на унапредување на соработката како со Собранието на РСМ, така и со субјектите предмет на ревизија, со основна цел зголемување на нивната свесност и одговорност за преземање на мерки за надминување на констатираните неправилности, а се во функција на унапредување на управувањето со јавните средства.

### *10.1. Активности во насока на надминување на системски слабости и колизии на законски прописи*

Идентификувањето на колизии на законски прописи, недоречености или неусогласености на законската рамка, е важен аспект при вршењето на ревизиите.

За идентификуваните состојби Државниот завод за ревизија редовно известува во посебен дел од конечните ревизорски извештаи – Останати прашања, како и во Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Со редовното доставување на конечните ревизорски извештаи до Собранието и надлежните органи, Државниот завод за ревизија го насочува вниманието кон овие слабости на органите кои се надлежни да придонесат во нивното отстранување.

Ефекти од овие констатирани состојби врз подоброто управување со јавните средства може да се очекуваат само доколку надлежните институции ги преземат потребните мерки за нивно надминување.

Следењето и информирањето за активностите околу надминување на констатираните системски слабости е една од стратешките цели на Државниот завод за ревизија.

### *10.2. Соработка со Собранието на РСМ, Владата на РСМ, Министерството за финансии и другите надлежни органи*

Соработката со Собранието на РСМ, Владата на РСМ и Министерството за финансии ќе се одвива во функција на реализација на Заклучоците на Собранието на РСМ, донесени по разгледувањето на Годишниот извештај за работењето на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

Во тие рамки Државниот завод за ревизија своите активност во 2020 година ќе ги насочи кон:

- Редовно информирање на Собранието на Република Северна Македонија и другите надлежни органи за извршените ревизии и за резултатите од истите;
- Презентирање на Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2019 година во Собранието на Република Северна Македонија;
- Известување на Собранието на Република Северна Македонија и другите надлежни органи за системски слабости кои индицираат активности од нивна надлежност;
- Соработката со Министерството за финансии согласно потпишаниот Протокол за соработка, како и во однос на спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавните средства 2018 – 2022 (PFM Programme Reform); и

- Соработката со Владата на Република Северна Македонија, како орган надлежен за контрола и надзор над работењето на субјектите кои треба да ги спроведуваат препораките содржани во ревизорските извештаи.

### *10.3. Активности поврзани со спречување на корупцијата*

Активностите на Државниот завод за ревизија поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и друга релевантна законска регулатива.

Во тие рамки, во текот на 2020 година, Државниот завод за ревизија ќе продолжи да:

- Доставува Конечни ревизорски извештаи/известувања до надлежните органи, за наоди кои индицираат активности од нивна надлежност и да обезбедува повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности;
- Доставува извештаи и информации за извршени ревизии, по барање на одделни институции;
- Одржува работни средби за меѓусебно информирање, размена на искуства поврзани со методологијата на работа и презентација на наодите во конечните ревизорски извештаи, усогласување на прописи, запознавање со европската легислатива од аспект на борбата против корупцијата и вршењето на државната ревизија и
- Преку свои претставници и натаму да учествува во работата и активностите на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата.

### *10.4. Следење на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи*

Заради остварување на основната цел на ревизијата - водење грижа за јавните средства и унапредување на управувањето со истите, навременото откривање на отстапувањата од прифатените стандарди и повредите на принципите на законитост, ефикасност, ефективност и економичност во раководењето со јавните средства, Државниот завод за ревизија упатува јасни и ефективни препораки, со цел да се преземат чекори со кои отстапувањата и повредите во иднина ќе се спречат или отежнат.

Корективните мерки за имплементација на препораките му овозможуваат на раководството на субјектот предмет на ревизија да ја подобри ефективноста и ефикасноста на работењето.

Во рамките на постапките на вршење на ревизиите, Државниот завод за ревизија континуирано го следи и анализира процесот на спроведување на дадените препораки во Конечните ревизорски извештаи.

Следењето на имплементацијата на препораките во Државниот завод за ревизија ќе се врши:

- Преку постапки за follow up Прегледи кои претставуваат составен дел на тековната ревизија за Конечните ревизорски извештаи од минати години;
- Преку добивање информации од субјектот предмет на ревизија согласно член 32 од Законот за државната ревизија (ИЗПМ);
- Преку постапки за проверка на преземените мерки од страна на субјектот опфатен со ревизија ( follow up проверка) на почетокот на годината во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечните ревизорски извештаи од тековната Годишна програма (Ревизорски извештаи кои се конечни заклучно со 31-ви Октомври) и Ревизии од претходната Годишна програма кои се конечни по 31-ви Октомври); и
- Преку follow up проверки како посебен вид на ревизија.

Системот за следење на спроведувањето на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи е составна компонента на САПРИ софтверот за обработка и анализа на податоците од Конечните ревизорски извештаи.
Државниот завод за ревизија, и во 2020 година ќе продолжи да работи на унапредување на соработката со субјектите предмет на ревизија за зголемување на нивната свесност и одговорност за преземање на мерки за надминување на констатираните неправилности како и за навремено известување за преземени мерки по наодите и препораките во конечните ревизорски извештаи.

Во оваа насока Државниот завод за ревизија ќе ги презема следните активности:

- Укажување за позитивните ефекти од спроведувањето на препораките за севкупното работење на субјектот како и за законско и наменското користење на јавните средства;
- Информирање на органите надлежни за контрола и надзор над работењето на субјектите предмет на ревизија за статусот на спроведување на препораките;
- Информирање на Собранието и Владата на РСМ за статусот на спроведувањето на препораките.

Врз основа на примените (обработени и систематизирани) податоци, по барање на надлежните институции, ќе се изготвуваат информации/известувања за степенот на спроведувањето на препораките и нивниот тековен статус (спроведена/СП, делумно спроведена/ДС, во тек/ВТ, не спроведена/НС, не применлива/НП).

Дадените препораки ќе се следат се до моментот кога ревизорот ќе оцени дека субјектите соодветно ги имплементирале и преземале мерки со кои ги отклониле утврдените неправилности.

За степенот на имплементација на дадените препораки во Конечните ревизорски извештаи, во рамките на Годишниот извештај за работа за 2019 година, Државниот завод за ревизија ќе го извести и Собранието на Република Северна Македонија.

## 11. Информирање на јавноста

Информирањето на јавноста за работењето на ДЗР и за постигнатите резултати ќе продолжи и во 2020 година, како политика на рамноправен пристап до информациите за начинот на трошењето на јавните средства на заинтересираните страни (субјектите предмет на ревизијата, надлежните институции за работењето на субјектите предмет на ревизијата, надлежните институции за постапување по ревизорските извештаи, медиумите, граѓаните и други).

Во таа насока, клучен и мошне важен дел при имплементацијата на оваа политика на ДЗР ќе биде донесувањето на „Комуникациската стратегија на ДЗР 2020-2023", креирана во рамките на проектот потпомогнат од WMF (Westminster Foundation for Democracy), чија примарна мисија е да го унапредува знаењето за проблемите на општествената промена и да го стави во практична функција тоа знаење. Имплементацијата на оваа стратегија е предвидено да се одвива низ четири фази при што секоја фаза ќе се фокусира на една целна група која е дефинирана во комуникациската стратегија.

Процесот на пренесување на информациите за улогата на ДЗР и за неговата мисија се приоритетите во контекст на тоа истите да биде познати и разбрани од пошироката јавност и од заинтересираните страни, што е една од основните цели на новата комуникациска стратегија.

Објавувањето на Конечните ревизорски извештаи на WEB страницата, заедно со забелешките на субјектите дадени по однос на ревизорските нацрт-извештаи, односно одговорите на ДЗР по однос на забелешките, ќе се реализира континуирано и во 2020 година. Во таа насока, ДЗР ќе ги подобрува сегашните начини и средства за комуникација и ќе имплементира поинакви комуникациски технологии како што се социјалните мрежи (Facebook, Twitter ...), односно поинакви канали за комуникација (Youtube).

За навремено информирање на јавноста и за подобрување на комуникацијата со релевантните страни, во 2020 година ДЗР ги планира следниве активности:

- објавување на конечните ревизорски извештаи на WEB страницата, заедно со забелешките на субјектите предмет на ревизијата и одговорите на ДЗР по однос на забелешките;
- посебно и детално објавување на WEB страницата на наодите и препораките од секој поединечен ревизорски извештај;
- посебно и континуирано објавување на имињата на субјектите кај кои при вршењето ревизија ОДР проценил дека конечните ревизорски извештаи треба да бидат доставени до надлежните органи за постапување по нив како што се: ДКСК, МВР, ЈО, УФП и други.
- објавување на резиме од конечните ревизорски извештаи наменети за медиумите и новинарите, како и за невладините организации;
- организирање брифинзи и прес-конференции по наодите и препораките на конкретен конечен ревизорски извештај за кој ОДР и ГДР ќе проценат дека е од интерес за јавноста;

- објавување на WEB страницата на „Годишниот извештај на ДЗР за работењето во 2019 година“;
- објавување на информации, вести и други содржини на WEB страницата за планираните и за тековно реализираните настани и активности на ДЗР;
- објавување на WEB страницата на извештаите на политичките партии за добиените донации во 2019 година;
- подготвување на одговори на барањата пристигнати до ДЗР согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- доставување и објавување на веб страната на Годишниот извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РСМ", бр. 101 од 22.05.2019 година) до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен, согласно член 36 од Законот;
- дисеминација на потребните информации на институциите со кои ДЗР соработува и на сите други заинтересирани и засегнати страни од процесот на вршење државна ревизија;
- изготвување на процедура за интерна комуникација во ДЗР;
- воведување на нови средства и инструменти на комуникација со засегнатите и заинтересираните страни од процесот на вршење државна ревизија.

## 12. Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР

Годишната програма за работа на ДЗР за 2020 година ќе се реализира со Акционен план за извршување на Годишната програма за работа на ДЗР, кој е составен дел на програмата.

## 13. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Број 01- 741/1 **Главен државен ревизор,**

Скопје, 31 .12.2019година **м-р Максим Ацевски**

Изготвил: Сектор за унапредување на ревизијата и следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди

Одобрил: Тања Јаневска, ПГДР

**Прилог 1**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година

## Преглед на планирани ревизии

## РЕВИЗИИ НА РЕГУЛАРНОСТ

| ИК | Ред.ор. Годишна програма | Ред.бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| **1** | 1 | 1 | Основен буџет на Република Северна Македонија за 2019 година | Скопје |
| **2** | 2 | 1 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија | Скопје и други градови |
| | 3 | 2 | Фонд за здравствено осигурување на РСМ | Скопје и други градови |
| **3** | 4 | 1 | Министерство за образование и наука | Скопје |
| | 5 | 2 | Министерство за култура | Скопје |
| | 6 | 3 | Министерство за правда- Управа за извршување на санкции | Скопје |
| | 7 | 4 | Управа за заштита на културното наследство | Скопје |
| | 8 | 5 | Управа за водење на матичните книги | Скопје |
| | 9 | 6 | Агенција за електронски комуникации | Скопје |
| | 10 | 7 | Државна изборна комисија | Скопје |
| | 11 | 8 | Уставен суд | Скопје |
| | 12 | 9 | Врховен суд | Скопје |
| **4** | 13 | 1 | Политичка партија СДСМ- сметка за редовно работење | Скопје |
| | 14 | 2 | Политичка партија ВМРО-ДПМНЕ - сметка за редовно работење | Скопје |
| | 15 | 3 | Политичка партија ДУИ- сметка за редовно работење | Тетово |
| | 16 | 4 | Политичка партија Алијанса за албанците-сметка за редовно работење | Тетово |
| | 17 | 5 | Парламентарни избори 2020- I | Скопје |
| | 18 | 6 | Парламентарни избори 2020- II | Скопје |
| | 19 | 7 | Парламентарни избори 2020 - III | Скопје |
| | 20 | 8 | Парламентарни избори 2020 - IV | Скопје |

| ИК | Ред.ор. Годишна програма | Ред.бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| 5 | 21 | 1 | Биро за развој на образованието | Скопје |
| | 22 | 2 | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Медицински факултет | Скопје |
| | 23 | 3 | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Фармацевтски факултет | Скопје |
| | 24 | 4 | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Природно математички факултет | Скопје |
| | 25 | 5 | Факултет за информатички науки и компјутерско инжењерство | Скопје |
| 6 | 26 | 1 | ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата Козле | Скопје |
| | 27 | 2 | ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација | Скопје |
| | 28 | 3 | ЈЗУ УК за кардиохирургија | Скопје |
| | 29 | 4 | ЈЗУ Завод за превенција лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Охрид | Охрид |
| | 30 | 5 | ЈЗУ Општа болница Гостивар | Гостивар |
| | 31 | 6 | Центар за Јавно здравје Скопје | Скопје |
| 7 | 32 | 1 | Буџет и корисници на буџет на општина Радовиш | Радовиш |
| | 33 | 2 | Буџет и корисници на буџет на ЕЛС Гази Баба | Скопје |
| | 34 | 3 | Буџет и корисници на буџет на ЕЛС Кочани | Кочани |
| | 35 | 4 | ЈП Плаваја Радовиш | Радовиш |
| | 36 | 5 | ЈКП Водовод Кочани | Кочани |
| **12** | 37 | 1 | АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката | Скопје и други градови |

## РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ/ ТЕМАТСКИ РЕВИЗИИ / ИТ РЕВИЗИИ /РЕВИЗИИ НА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| РУ | 38 | 1 | Капитални трансфери кон ЕЛС од Буџетот на РСМ | Скопје и други градови |
| РУ | 39 | 2 | Институционалните капацитети на инспекторатите во РСМ | Скопје и други градови |

| ИК | Ред.бр. Годишна програма | Ред.бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| РР | 40 | 3 | Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите - тематска ревизија | Скопје |
| РУ | 41 | 4 | Ефективност на мерките и активностите во функција на реализација на пренесените надлежности кои се финансираат со средства од блок дотации | Скопје и други градови |
| РУ | 42 | 5 | Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците | Скопје и други градови |
| РУ | 43 | 6 | Ефикасно третирање и справување со пластичниот отпад | Скопје и други градови и држави |
| РУ | 44 | 7 | Ефективност на мерките и активностите за издавање на Б интегрираните дозволи | Скопје и други градови |
| РСП | 45 | 8 | Ефикснoст на политиките, мерките и активностите при доделување на водното право | Скопје и други градови |
| РУ | 46 | 9 | Владино планирање – Ефективност на владини мерки за справување со ризиците на пазарот на трудот и начинот на планирање на средствата за надминување на истите - меѓународна паралелна ревизија | Скопје и други држави |
| ИТ | 47 | 10 | Квалитетот на услугите кои ги даваат ЕЛС преку своите веб портали | Скопје и други општини |